Co-funded by
the European Union

SIEMdig

# 4то издание за медиуми – SIEMdig

## „Социјална инклузија и емоционална зрелост на најмладите учесници во општеството помогнати од дигитално компетентни наставници”

### SIEMdig проектот завршува со последниот состанок и тренинг настан во Кипар: Поддршка на наставниците преку дигитална инклузија

Еразмус+ проектот **SIEMdig - Социјална инклузија и емоционална зрелост на најмладите учесници во општеството помогнати од дигитално компетентни наставници** успешно го заврши своето патување, одбележувајќи ги последните настани со **финалниот транснационален состанок** и **тренинг настанот** одржан во **Никозија, Кипар** во септември 2025.

На настаните домаќин беше **Фондацијата Талес**, собирајќи претставници од сите партнерски организации за да се согледаат постигнувањата од проектот, да се разменат искуства и да се истражат начини за одржливост на проектот по неговото завршување.

**Финален состанок & Тренинг настан**

За време на последниот состанок партнерите дискутираа за целокупниот напредок на проектот, резултатите од евалуацијата и долготрајната одржливост на резултатите од проектот. За време на тренинг настанот се презентираа материјали наменети за наставници преку **SIEMdig тренинг модулите** и практична имплементација на дигиталните алатки од проектот. Наставниците учествуваа во интерактивни сесии наменети за:

- Интегрирање на **дигитални приказни** во инклузивно образование
- Зајакнување на **емпатијата и емоционалната интелигенција** кај најмалите ученици
- Промовирање на соработка со **семејствата и заедниците** преку технологија

Овој настан претставува значајно заокружување на реализацијата на проектот SIEMdig, славејќи соработка, иновација и инклузија.







Финансирано од Европската Унија. Изнесените ставови и мислења се единствено на авторот(ите) и не секогаш ги одразуваат ставовите на Европската Унија или на Извршната агенција за образование и култура (EACEA). Европската Унија и EACEA не можат да бидат одговорни за нив.

## Платформата SIEMdig и ресурси

Платформата **SIEMdig** сега претставува клучно наследство на проектот, кој нуди слободен пристап до разновидни образовни ресурси на наставници и училишта:

- **Колекција на дигитални алатки:** пликации и платформи што ја поддржуваат креативноста и комуникацијата во училниците.
- **Интерактивни приказни:** Дигитални наративи кои поттикнуваат емпатија, толеранција и почит кај децата на возраст од 6 до 9 години.
- **Прирачник за обука на наставници:** Сеопфатни модули за унапредување на дигиталните компетенции и инклузивните наставни практики.
- **Водич за социјална инклузија:** Стратегии за поттикнување чувство на припадност и прифаќање во училишните заедници.

Овие ресурси сега се достапни онлајн за едукатори и институции низ цела Европа.

🔗 **Разгледајте ја платформата:** https://siemdig.espaiboule.eu/en

🌐 **Информирајте се повеќе за проектот:** https://siemdig.uken.krakow.pl/

## Гледајќи напред

Како што SIEMdig се ближи кон крајот, неговите резултати ќе продолжат да инспирираат инклузивно и дигитално овластено образование низ цела Европа. Конзорциумот останува посветен на промовирање на социјална инклузија, емоционален развој и иновации во раното образование, осигурувајќи дека наставниците и учениците ќе продолжат да имаат корист од алатките и сознанијата на SIEMdig.

## Конзорциумот:

Финансирано од Европската Унија. Изнесените ставови и мислења се единствено на авторот(ите) и не секогаш ги одразуваат ставовите на Европската Унија или на Извршната агенција за образование и култура (EACEA). Европската Унија и EACEA не можат да бидат одговорни за нив.